Страхил ГИГОВ

# ФОРМИРАЊЕТО НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во вековната борба на македонскиот народ за национално и социјално ослободување има низа значајни датуми, меѓу кои еден од позначајните е и формирањето на КПМ.

На 19 март 1943 година, пред четириесет години, беше формирана Комунистичката партија на Македонија и беше избран нејзиниот прв Централен комитет од шест члена.

Комунистичката партија на Македонија е родена во судбоносните денови на нашата Народноослободителна борба и револуцијата. Во тригодишната борба против германско-бугарските и италијанските окупатори македонскиот народ, заедно со другите југословенски народи и народности, под раководство на Комунистичката партија на Југославија и другарот Тито, ја докажа својата готовност да даде сè од себе за победата над фашистичките окупатори и фашизмот воопшто.

Фоормирањето на Комунистичката партија на Македонија дојде како логична последица на правилниот став на Комунистичката партија на Југославија по националното прашање, така што, на тој историски ден пред четириесет години, беше реализирана одлуката на Четвртата земска конференција на КПЈ, одржана во Љубљана 1934 година, на која покрај другите одлуки беше донесено и многу значајното решение за формирање комунистички партии врз национална основа, во рамките на Комунистичката партија на Југославија. Беше донесено решение веднаш да се формираат комунистички партии на Словенија и Хрватска, а во најблиска иднина и КП на Македонија.

Во периодот од 1934 до 1937 година не беше формирана ниту една од овие партии врз национална основа. Централниот комитет на КПЈ, кој се наоѓа надвор од земјата, е разединет поради фракционерските борби меѓу неговите членови. Во него сè уште имаат големо влијание силите што не се готови да го решат ова суштинско прашање.

Историската пресвртница во натамошниот развој и целокупната дејност на КПЈ, што настана со доаѓањето на другарот Тито на чело на Партијата — кон средината на 1937 година, силно се одрази и во поглед на политиката на КПЈ во врска со националното прашање. Расчистувајќи решително и енергично со сите фракционерски групи и појави во редовите на КПЈ, новото раководство пријоѓа реалистички кон проблемите во земјата, вложувајќи огромни напори за влегување на Партијата во сите пори од општествено-политичкиот живот во Југославија. Како резултат на тоа, во април 1937 година беше формирана Комунистичката партија на Словенија, а во август истата година и Комунистичката партија на Хрватска.

Формирањето на Комунистичката партија на Македонија покрај овие објективни причини, доцнеше и поради низа чисто организационо-технички проблеми, кои го оневозможуваат реализирањето на оваа одлука. Така, само во текот на 1934 година, кога е донесена одлуката за формирање на национални партии на Словенија, Хрватска и Македонија, во партиската организација на Македонија настануваат две големи провали, едната во почетокот а другата на крајот на годината, кога организацијата останува не само без покраинско раководство, туку и без какви било врски со Централниот комитет на КПЈ. Наредните, 1935 и 1936 година, повторно доаѓа до нови провали и нови тешки загуби за партиската организација во Македонија. Понатаму, во големата провала кон крајот на 1937 година, беа испрекинати сите партиски врски и канали во Македонија, а организацијата остана без покраинско раководство и без никакви врски со ЦК КПЈ речиси цели две години. Слична е ситуацијата и во текот на 1939 и 1940 година, во предвечерието на Втората светска војна, кога режимот тргнува во нова и уште посурова офанзива против сè што е напредно и демократско во земјата, се разбира во прв ред против членовите на Комунистичката партија на Југославија. Во овој период голем број комунисти од Македонија, како и најголемиот дел од членовите на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, беа прогонувани, апсени, затворани и испраќани во злогласните логори во Билеќе и Ивањица, со што партиската организација беше постојано оневозможувана во организирањето, средувањето и зајакнувањето на своите редови.

Положбата на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија по окупацијата, поради опортунистичката и контрареволуционерна дејност на Методија Шаторов-Шарло и мешањето на Бугарската работничка партија (комунисти), како и обидите партиската организација во Македонија да се издвои од составот на КПЈ и да се припои кон БРП(к), исто така го отежна реализирањето на одлуката на IV конференција на КПЈ за формирање на КПМ.

Централниот комитет на КПЈ и другарот Тито, согледувајќи ја ситуацијата во партиската организација во Македонија и укажуваат драгоцена помош за нејзино заздравување и зајакнување. Со доаѓањето на инструкторот на ЦК КПЈ Драган Павловиќ-Шиљо, во август 1941 година, а нешто подоцна и на Лазар Колишевски, партиската организација во Македонија конечно расчистува со сите остатоци на шарловштината, пристапувајќи решително кон спроведувањето на курсот на Комунистичката партија на Југославија за вооружена борба против окупаторот. Како резултат на сето тоа беше кревањето на вооружено востание во Македонија, на 11 октомври 1941.

Во текот на пролетта 1942 година партиските организации во Битола, Крушево, Велес, Прилеп, Штип, Гостивар, Преспа и Кичево формираат нови бројни партизански одреди. Тие веднаш отпочнуваат со напади врз фашистичките окупатори; ја уништуваат нивната жива сила, ги рушат комуникациите, напаѓаат на транспортите и ги уништуваат објектите што окупаторот би можел да ги користи. Окупаторот повеќе не се чувствува сигурен во македонските села и градови. Особено во селата, бугарскиот и италијанскиот окупаторски апарат на власта, поради зачестените акции на партизаните, беше принуден да ги напушта селските општини и да се повлекува по градовите, при што, на пример, големи територии во Азот и Преспа останаа без окупаторска власт. Тоа беа првите поголеми слободни територии на кои се раѓаше новата народноослободителна власт.

Кон средината на летото 1942 година во Македонија пристигна инструкторот на ЦК КПЈ, Добривое Радосавлевиќ-Боби, кој знатно ѝ помогна на партиската организација во нејзиното организационо зајакнување и во мобилизацијата на нови борци за вооружената борба против окупаторот.

Од посебно значење за целокупната натамошна дејност на партиската организација во Македонија беше решението на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, донесено во декември 1942 година, за префрлување на покраинското раководство од Скопје на теренот на Западна Македонија, на подрачјето што беше под италијанска окупација. Според извештаите и оценките со кои располагаше Покраинскиот комитет, условите за работа и за натамошен развој на востанието беа најповолни во овој дел на Македонија. Покрај тоа, беше решено сите одреди што дејствуваа во централниот дел на Македонија, а немаат услови за опстанок преку зимата, организирано да се повлечат во западниот дел на Македонија.

Решението на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија се покажа како правилно. Во текот на јануари и февруари 1943 година не само што беа извршени сите подготовки за префрлување на покраинското раководство, туку во исто време беа постигнати и солидни успеси во зацврстувањето на партиските

3*

организации во повеќе места, а беа прифатени и некои групи партизани од Крушевскиот и Преспанскиот партизански одред.

Централниот комитет на КПЈ и другарот Тито, оценувајќи ја важноста на воено-политичката и географската положба на Македонија, решија повторно да го испратат во Македонија, како свој делегат, Светозар Вукмановиќ-Темпо. Тој пристигнува во Скопје некаде во првата половина на февруари 1943 година. Со неговото доаѓање во Македонија и широките овластувања што му беа дадени од страна на ЦК КПЈ, Врховниот штаб на НОВ и ПОЈ и другарот Тито, беа преземени мерки од поширок карактер, меѓу кои и формирањето на Комунистичката партија на Македонија.

Состанокот на кој беше формирана Комунистичката партија на Македонија се одржа на 19 март 1943 година во Тетово, во куќата на семејството Јовановски. На состанокот присуствуваа: Светозар Вукмановиќ-Темпо — како делегат на ЦК КПЈ, Кузман Јосифовски-Питу, Цветко Узуновски и Страхил Гигов.

Состанокот го отвори Светозар Вукмановиќ-Темпо, поднесувајќи информација за решението на ЦК КПЈ за формирање комунистичка партија на Македонија, со кусо образложение и со истакнување на неговата важност. Решението на ЦК КПЈ беше едногласно прифатено, по што се помина на составување на дневен ред, со следните четири точки:

1. Политичката состојба во светот и во Југославија, и состојбата на фронтовите;

2. Политичката и организационата состојба во Македонија;

3. Избор на Централен комитет на Комунистичката партија на Македонија;

4. Непосредни наредни задачи на Централниот комитет на КПМ.

По првата точка говореше Светозар Вукмановиќ-Темпо, изнесувајќи ја опширно состојбата во светот, односно ситуацијата на фронтовите во светот. Потоа даде и преглед на ситуацијата во Југославија, особено за развојот и успесите на Народноослободителната борба на југословенските народи и народности.

Во врска со втората точка од дневниот ред, Кузман Јосифовски-Питу поднесе извештај за организационо-политичката положба во Македонија, со акцент на состојбата во Западна Македонија.

По исцрпната дискусија по првата и втората точка од дневниот ред, се мина на избор на Централен комитет на новоформираната Комунистичка партија на Македонија. Во дискусијата во врска со изборот на ЦК на КПМ, се дојде до заклучок во него, за почеток, да влезат помал број луѓе, колку што е неопходно за започнувањето на неговата работа. Подоцна, со развојот на вооружената борба и револуцијата, тој би се проширувал

со нови членови, кои веќе ја докажале својата политичка и организациона зрелост, како и преданоста кон делото на Партијата. По опширна дискусија, беше избран Централен комитет на КПМ во следниот состав: Лазар Колишевски — политички секретар, Маре Нацева — организационен секретар, Кузман Јосифовски-Питу, Цветко Узуновски, Страхил Гигов и Бане Андреев — членови.

Четвртата точка од дневниот ред беше, исто така, посебно значајна. Требаше да се набележат натамошните непосредни задачи не само на новоформираниот Централен комитет туку и на целокупната партиска организација и Народноослободителната борба во Македонија. Притоа се поставуваа две основни прашања: задачата за успешно завршување на војната со полна победа над окупаторот, на кои сили треба да се потпре Партијата и какви организациони форми треба да се применат за поефикасна активност и борба.

Во врска со прашањето за силите што ќе ја претставуваат основната поткрепа во борбата, беше речено дека тоа треба да бидат: работничката класа, работното селанство, интелигенцијата и сите останати демократски и прогресивни сили што стојат на линијата за борба против окупаторот, без разлика на социјална, национална и верска припадност.

Со цел за натамошно што поуспешно продолжување и разгорување на Народноослободителната борба во Македонија, беа донесени и други конкретни решенија. Требаше да се засили политичката активност среде населението преку јавни истапувања и манифестации, да се формираат партиски организации во местата каде што сè уште не постоеја, да се формираат обласни комитети, да се засили активноста на постојните партиски организации и да се зајакнат врските. Потоа, беше решено територијата на Македонија да биде поделена на пет оперативни зони и во секоја од нив да се формираат обласни комитети на КПМ. Формирањето на обласните комитети, кои имаа задача да ја координираат работата на месните комитети и на партиските организации, се налагаше најмногу и поради лошите врски, како меѓу самите партиски организации така и помеѓу овие и партизанските одреди.

Исто така, беше решено Главниот штаб на народноослободителните партизански одреди да се реорганизира и да се преименува во Главен штаб на народноослободителната војска и партизанските одреди на Македонија.

Многу важна беше и одлуката за засилување на партизанските одреди и формирање на поголеми воени единици — баталјони и бригади, што ќе можат самостојно да оперираат. Воедно, беше формиран и Штабот на Првата оперативна зона, додека за другите беше набележан раководниот состав.

Набргу се увиде од какво значење беше формирањето на Коумнистичката партија на Македонија и нејзиниот Централен комитет. Се покажа дека тоа е еден од решавачките настани во историјата на Народноослободителната борба и револуцијата во Македонија. Формирањето на КПМ дојде како логичен резултат на борбата што ја водеше македонскиот народ против фашистичките окупатори заедно со останатите југословенски народи и народности, како и на правилникот и доследен став на Комунистичката партија на Југославија по националното прашање и нејзината борба за негово решавање.

Во натамошното консолидирање на партиските организации и во развојот на НОБ и револуцијата, како и во градењето на братството и единството меѓу македонскиот народ и сите народности што живеат во Македонија, КПМ одигра огромна улога. Во Народноослободителниот фронт Партијата успеа да ги собере сите оние што беа на линијата за борба, без разлика на национална и верска припадност.

Комунистичката партија на Македонија имаше секогаш доволно сили да се пресмета со разните националистички, сепаратистички, шовинистички и други непријателски појави, зашто зад неа секогаш стоеја широките народни маси, кои во раководството на нашето движење отсекогаш имаа полна доверба. Со формирањето на КПМ им беше ставен крај и на разните пропаганди од страна на непријателот, во прв ред на великобугарската и великосрпската, на кои им пречеше развојот на народноослободителната борба на македонскиот народ. Нема сомнение дека со формирањето на КПМ беше означена нова квалитетна преобразба во акциите, стремежите и идеалите што македонскиот народ ги носеше со векови во себе. Конечно, тоа беше резултат и на оценката на ЦК КПЈ и другарот Тито дека се созреани сите услови за реализирање на одлуката за формирање на КПМ во рамките на КПЈ, што ќе овозможи успешно да продолжи и да се развива Народноослободителната борба и револуцијата во Македонија, до конечното ослободување од фашистичкиот окупатор.

Со формирањето на КПМ кај македонскиот народ порасна вербата дека неговата борба овој пат нема да биде залудна, како што се случуваше повеќепати досега. Како резултат на тоа, во овој период беа формирани голем број нови партиски организации, а револуционерното движење кај масите се повеќе растеше.

Наскоро се покажаа и резултатите од овој историски акт. Меѓу другото ,во Македонија набрзо се создадоа три воени жаришта: во Кичевско-дебарско, Тиквешко и Кумановско, кои не згаснаа сè до конечното ослободување. Исто така, партизанските одреди осетно прераснуваа во крупни воени единици — баталјони и бригади, односно во регуларна народноослободител-

на војска на Македонија. Како резултат на тоа дојде и до создавање на првите дивизии, кои веднаш прераснаа во модерна војска, вооружена со најразновидно оружје и оспособена за фронтално војување. Тие не само што ја ослободија Македонија туку продолжија да го гонат непријателот, борејќи се низ Срем, Банат и Славонија рамо до рамо со другите југословенски единици.

Во натамошната активност на Централниот комитет на КПМ има уште низа значајни датуми од решавачко значење за натамошниот тек и развој на НОБ и револуцијата во Македонија, како и за изградбата и зацврстувањето на новата народна власт.

На 2 август 1943 година беше одржано историското Преспанско партиско советување, на кое присуствуваа голем број партиски раководители од теренот и од воените единици. На советувањето беа донесени повеќе значајни одлуки за натамошниот развој на НОБ, консолидацијата на партиските организации, како и одлука за конституирање на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, како највисоко суверено и претставничко тело на новата народна демократска власт.

Со натамошното разгорување на вооружената борба пред ЦК КПМ се поставуваа сè понови и покрупни задачи. Тие беа конкретизирани и подготвувани за реализација на партиските и воените советувања, како и на многубројните седници на Централниот комитет што се одржуваа на самиот терен, многу често во прекините меѓу две борби.

Сè побрзиот подем на НОБ во Македонија ја наметнуваше потребата од издавање на еден авторитативен документ во кој прецизно ќе бидат разјаснети целите, задачите и перспективите на таа борба. Така во почетокот на октомври 1943 година беше објавен Манифест на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, упатен до македонскиот народ и сите народности што живеат во Македонија. Во него беше покажан вистинскиот пат по кој македонскиот народ и народностите ќе се здобијат со слобода, укажувајќи кои му се вистински пријатели, а кои непријатели на народот. Со овој документ, воедно, Главниот штаб на НОВ и ПОМ за првпат излезе отворено во јавноста, бидејќи сите негови членови беа потпишани со полно име.

Само два месеца подоцна сето тоа беше потврдено со одлуките на Второто заседание на АВНОЈ. За првпат во неговата понова историја, на македонскиот народ му беше призната и гарантирана неговата самобитност — во новата југословенска заедница на рамноправни народи и народности.

Македонскиот народ својата ослободителна борба ја круниса со одржувањето на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија —

АСНОМ, на 2 август 1944 година во манастирот Прохор Пчињски. АСНОМ се конституира во највисоко законодавно и политичко тело на новата демократска власт во Македонија, што претставуваше најголем дострел на Народноослободителната борба на македонскиот народ. Во одлуките на Првото заседание на АСНОМ беа одржани целите и стремежите на македонскиот народ и народностите во Македонија. Македонскиот народ преку своите претставници на Првото заседание на АСНОМ, недвосмислено се изјасни за заедница со другите југословенски народи и народности, со што вардарскиот дел на Македонија стана рамноправен член на федеративната заедница на југословенските народи и народности.

Strahil Gigov

## FORMATION OF THE MACEDONIAN COMMUNIST PARTY

### Summary

The author of this article who is also a direct participant of the constitutional session of the Communist Party of Macedonia, on a very direct way and as a witness of this important event from the history of the Macedonian people, describes the historical moments, when in Tetovo on March 19, 1943 the Communist Party of Macedonia consisting of six members was formed and the First Central Committee was elected. The formation of the Communist Party of Macedonia came as a logical expression of the legal position of the Communist Party of Yugoslavia regarding the national question and the decision of the Fourth Zemska Conference of the CPY, held in Lubljana in 1934, was realised.

The first session on which the Communist Party of Macedonia was formed was held in Tetovo, on March 19th, 1943 in the house of the Jovanovski's family. Present of the session were: Svetozar Vukmanović-Tempo — as a delegate of the CC CPY, Kuzman Josifovski-Pitu, Tsvetko Uzunovski and Strahil Gigov. The Central Committee of CPM was elected on this session: Lazar Kolishevski — Political Secretary, Mara Natseva — Organisational Secretary, Kuzman Josifovski-Pitu, Tsvetko Uzunovski, Strahil Gigov and Bane Andreev — members.

Further on the author is writing about the partition of Macedonia in five operational zones by formation of regional committees in each os them, for enforcing, of toe partizan detachments and formation of bigger military units — batallions and brigades and for the faith of the Macedonian people and minorities living in Macedonia in the party as a leader for struggle against the occupier for solvation of its national question and for obtaining of its social freedom and equality. Gigov is also writing about the signifi-

cance of the Prespa Consultation and its decisions in the further struggle, for the historical decisions of the Second session of AVNOY, when for the first time in its history, the Macedonian people obtained its own individuality in the new Yugoslav community of equal peoples and minorities.

The author ends his contribution with the conclusion that the Macedonian people has gained its aims from the liberation struggle by holding of the First Session of the Anti-Fascist Assembly of the People's Liberation of Macedonia — ASNOM held in Prohor Pchinski on August 2nd, 1944, in whose decisions were contained the aims and hope of the Macedonian people for its statehood as an equal member of the federal unit of the Yugoslav peoples and minorities.